Национален конгрес 2024

Втор национален конгрес на Слоу Фуд Македонија

Според статутот на СФМК на секои четири години се одржува национален конгрес при што се избираат членови на Националниот одбор. Националниот одбор брои пет члена од кои четири се избираат со гласање на делегатите од конвивиумите, а петтиот член е делегиран од Slow Food International. Вториот национален конгрес на СФМК се одржа на 14.07.2024 година во Офицерски дом во Битола. Конгресот се водеше по претходно усвоен дневен ред, односно по следните точки:

- Усвојување на правилникот на конгресот
- Избор на кандидати за тела на конгресот
- Состанок на изборна комисија
- Состанок на комисија за верификација и следење на текот на конгресот
- Извештај на комисија за верификација и следење на текот на конгресот
- Усвојување на стратешки план 2024-2027
- Усвојување на конгресната декларација „Храна за промени“
- Избор на членови на национален одбор на Слоу Фуд Македонија

За членови на националниот одбор беа избрани Василка Стефановска, Соња Србиновска, Слободен Чокревски и Николче Николовски. Националниот одбор на состанок одржан после конгресот, за претседател на националниот одбор го избра Николче Николовски.